Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.11.2008 година, донесе

# О Д Л У К А

## за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште

### Член 1

Со оваа Одлука се врши ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на недвижниот имот на Општина Битола кој се состои: во административни објекти; во општинските средни училишта; во општинските основни училишта и подрачни училишта; во јавна општинска установа за деца и детски градинки; во јавна општинска устнова-дом за стари лица; во урбани заедници во град Битола; во месни заедници во селата; во деловни објекти; во станбени објекти и станови; во спортски терени; во градежно неизградено земјиште сопственост на Општината Битола; во недвижен имот каде Општината Битола е сопственик на дел од посед и во недвижен имот заведен на Општина Битола без означен дел на посед.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-3482/6
28.11.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска